# Имплементација на проектот на АААВМУ од ИПА ТАИБ 2009

Јавен состанок на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - 16.06.2015

Презентира: Огнен Неделковски, СПО НА ААВМУ

- **Проект од ИПА ТАИБ 2009**
- **Корисници: АААВМУ и АЕК**
- **Наслов на проектот: „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски сервиси“**

# IPA TAIB 2009

- Број на Договор 10-22418/1 – потпишан на 08.07.2013 – до 01.03.2015
- Addendum to the Contract No1 – потпишан на 23.12.2013
- Addendum to the Contract No2 –потпишан на 29.12.2014 – крај на проектот 01.06.2015

- Доставени заклучно со 01.06.2015 вкупно 3 Периодични (6 месечни) извештаи за имплементација од договарачот European Consalting Group (ECG).

# Активност А1

- Во АААВМУ се реализираше имплементација на системот за управување со квалитет ИСО 9001:2008.
- Подготвена е и донесена политика за квалитет, дефинирани се процесите и процедурите.
- АААВМУ е спремна за процесот на сертификација.

- Одржана е воведна обука за сите вработени за системите за управување со квалитет, како и за барањата на ИСО.
- На дводневна обука беше обучен и тимот на интерни проверувачи.

# <u>Активност А2 – Анализа на пазарот во конвергирано опкружување</u>

- Беше развиена “Методологија за спроведување на анализи на пазарот за медиумските пазари за АААВМУ“.
- Во Анализата се дадени, преку праксата на британските, француските и американските регулатори – примери за истражувањата на медиумските пазари, анализи кои ги разгледуваат новите медиумски услуги.
- Испорачана е обука за <u>Анализа на пазарот во конверги-рано опкружување по однос на методологијата во ЕУ за конвергетни медиуми</u>

# Активност А3 – Анкети и анализи на комуникацискиот и медиумскиот пазар

- Беа изработени насоки за собирање и анализа на работата на линеарните и нелинеарните аудиовизуелни медиумски сервиси, во однос на бизнис моделите.

# Активност А4 – Имплементација на новите правила за медиумска концентрација

Беше изработена Студија за медиумска концентрација, која дава преглед на регулаторните мерки и иницијативи кои во моментов се воспоставени на европско ниво за да се заштити медиумскиот плурализам.

Беше спроведена обука на вработените во АААВМУ на тема: Спроведување на мерките за борба против концентрација и конкуренција - правила во аудиовизуелни медиумски сектор.

# Активност А5 – Поддршка на секторите за истражување

Извршен е преглед на различните видови на истражувања кои се преземени или нарачани од страна на регулаторните тела во избраните европски земји за целите на ефикасна регулација на медиумите.

Подготвен е документ: Преглед на пракси и искуства на другите регулаторни тела во дизајнирањето на истражување на публиката за регулаторни цели, со Упатства за Секторот за истражувања на АААВМУ, а воедно извршена е обука на вработените во Агенцијата на истата тема.

# Активност А7: Поддршка на Управувањето со дигитални права

*Подготвени се документите:*

- \- Анализа на постојната ситуација во земјата во однос на заштитата на авторските и сродните права, земајќи го предвид развојот на новите технологии и интернетот и нивното влијание врз заштитата на дигиталната содржина.
- \- Упатства за управување со дигитални права, со општ преглед на прашањата во врска со управувањето со дигитални права и препораки за идните активности на АААВМУ во оваа област.
- Извршена е обука на вработените по однос на управување со дигитални права.

# Активност А8 – Ефикасен мониторинг на содржините што се пренесуваат преку различни платформи

- Беа подготвени Упатства за мониторинг на содржината со говор на омраза, во аудиовизуелните медиумски услуги и Преглед на праксите на другите регулаторни тела во мониторингот на говорот на омраза.
- Беше извршена обука на вработените во Агенцијата и преставници на другите иституции за мониторингот на говорот на омраза во линеараните и нелинеарните аудиовизулени медиумски услуги.

# Активност А8 – Ефикасен мониторинг на содржините што се пренесуваат преку различни платформи

- Беше одржана обука на вработените и преставниците од радиодифузерите и давателите на услуги во однос на следењето:
- на поставување на производ, особено vis-à-vis спонзорство,
- на следење на нови техники на рекламирање,
- Како и во однос на исполнувањето на законската обврска за емитување на европски дела и дела од независни производители на побарувачката на даватели на услуги.

# Активност А9 – Развој на нови видови регулација: Саморегулација и Корегулација

*Беа развиени следните документи:*

- Анализа на саморегулација и корегулација и
- Нацрт упатства за саморегулација и корегулација.

- Беше одржана Обука на вработените и членовите на Советот за саморегулација и корегулација

# Активност А11 – Поддршка на развој на Програма за медиумска писменост

Беше креирана истражувачка методологија за медиумска писменост. Содржината на оваа Методологија е креирана преку правење на компаративен преглед на релевантните методологии развиени на европско ниво, врз основа на студиите обезбедени од страна на Европската Комисија.

Беше развиена  Нацрт програма за поттикнување на медиумската писменост во Република Македонија. Целта на Програмата е да се обезбедат насоки за развој и промовирање на медиумската писменост во Македонија.

И за методологијата и за програмата, беа извршени обуки  на вработените во Агенцијата.

Двете студии се достапни на веб-страницата на Европската комисија: http://ec.europa.eu/culture/media/media-literacy/studies_en.htm

# Активност В3 – Имплементација на Директивата за АВМС

- Проектот ја даде потребната поддршка во изготвувањето на подзаконските акти (12 подзаконски акти), како и преглед на членовите на Законот за АААВМУ по однос на настани од голема важност, Анализа за медиумите и нивната пристапност за лицата со попреченост и подготовка на програма за активности и мерки за поттикнување на давателите на АВМ услуги да ги направат своите услуги достапни за лицата со оштетен вид или слух и предлози за подобрувања.

# Активност В4 – Студиско патување

Во периодот 15-19 декември 2015 година, беше реализирано студиско патување, при што ги оствариja работни состаноци

- **Во Португалија со :**
- Entidade Reguladora para a Comunicação Social – ERC, the Portuguese Media Regulator
- Rádio e Televisão de Portugal SA,  јавен радиодифузер
- SIC Impresa, приватна ТВ станица.
- **Во Шпанија со:**
- Министерството за индустрија, енергетика и туризам – Секретаријатот за телекомуникациии и информатичко општество
- Comision Nacional de los Mercados y la Competencia – CNMC, регулаторот на медиуми
- Atresmedia, приватен радиодифузер
- Mediaset, привате радиодифузер
- RTVE, јавен радиодифузер